# З А П И С Н И К

**од триесет и шестиот состанок на Комисијата на**

**Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година**

Триесет и шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 25.12.2025 година во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и шестиот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и петтиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Интервју со повиканите кандидати по јавниот конкурс за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Разно

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и шестиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

По точка број 3 беа повикани тројца кандидати по јавниот конкурс за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации, но во закажаните термини се јави само еден кандидат со кој се направи интервју, му беа поставени прашања во врска со програмата што ја има за Агенцијата по што состанокот заврши.

Седницата заврши во 13:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Наш број 1102-58/2

Скопје 25.12.2025 година